РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2221/3
31.10.2025 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 23-тата седница одржана на ден 13.10.2025 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Постапката по пријавата со број 12-2733/1 од 22.10.2024 година, поднесена од непознат подносител, со наводи против лицето ---------, директор на ----------, **СЕ ЗАПИРА**.

Пријавата да се достави на надлежно постапување на собраниската комисија за вршење надзор над работата на Агенцијата за ------- и до претседателот на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2733/1 од 22.10.2024 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 22.10.2024 година, е поднесена пријава против лицето -----------, директор на Агенцијата за ---------, по која е оформен предмет со број 12-2733/1 од 22.10.2024 година. Во пријавата подносителот наведува дека пријавената ја злоупотребила функцијата, јавното овластување, службената должност и се воздржала од делување во согласност со нејзините обврски и не постапила согласно со Уставот и законите, со пропуштање на дејствие што според закон била должна да го изврши.

Имено, се наведува дека во почетокот на 2024 година, службеното лице -----------, вработен во Агенцијата за ---------, имал добиено негативен одговор од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информаци (во понатамошниот текст: ДБКИ), односно не му бил издаден безбедносен сертификат. Според подносителот негативниот одговор од страна на ДБКИ претставува услов за престанок на работниот однос на посоченото лице, но пријавената директорка, не постапила и не донела решение за суспензија, ниту за отказ за вработениот

---------, кој извршил злоупотреба по основ користење на боледување, со цел да избегне добивање на решението за суспензија. Во продолжение се наведува дека во почетокот на септември 2024 година, посоченото лице потпишало спогодба за преземање во Министерството за внатрешни работи на РСМ, која била потпишана и од страна на министерот --------- и од страна на директорката на Агенцијата за ---------, --------.

Понатаму, наведено е дека во почетокот на август 2024 година, посочената директорка донела решение за враќање на работните места на четворица службени лица иако истите биле под активна суспензија. Станува збор за вработените: ---------, ---------, --------- и ----------. Истите имале добиено негативен одговор од страна на ДБКИ, односно не им бил даден безбедносен сертификат поради утврден безбедносен ризик од Агенцијата за национална безбедност. Истите поднеле жалби до Комисијата за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен кои Комисијата ги прифатила, но само во делот на прекршена процедура од страна на Агенцијата за национална безбедност, но со тоа не била поништена одлуката на ДБКИ според која на лицата не им се издавал безбедносен сертификат. И покрај ова, пријавената директорка донела одлука за поништување на суспензијата и враќање на наведените лица на работните места, иако била запознаена дека истите се уште претставуваат безбедносен ризик, со што е загрозена безбедноста на Агенцијата.

Државната комисија постапувајќи по пријавата, побара надлежно постапување и вонреден инспекциски надзор од Државниот управен инспекторат, од каде доби известување дека нема надлежност за постапување врз работењето на пријавеното лице.

Државната комисија при постапувањето по пријавата имаше предвид дека истата не содржи сомнежи за корупција, како основ за нејзино надлежно постапување, туку се однесува за постапување на именуван функционер во постапки од работен однос за службени лица кои не се административни службеници.

Според релевантната законска регулатива за основање и работа на Агенцијата за разузнавање, поконкретно Законот за Агенцијата за разузнавање, во член 5 став 4 е пропишано дека: „За својата работа и работата на Агенцијата, директорот му одговара на претседателот на Република Северна Македонија", додека пак во член 21 став 1 од истиот закон е пропишано дека *„Собранието на Република Северна Македонија врши надзор над работата на Агенцијата преку надлежна комисија за вршење надзор".*

Од таа причина Државната комисија оцени дека е потребно пријавата да се достави на надлежно постапување на надлежната собраниската комисија за вршење надзор над

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

работата на Агенцијата за разузнавање и до претседателот на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Заменик претседател

м-р Цвета Ристовска

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.С.М, Член на ДКСК

[illegible]